# Велимир Жерновски: Сета убавина мора да умре!

Култура
24.09.2013
07:14

**Љиљана Неделковска**




*„Un autre monde est possible' („Поинаков свет е возможен") - така во мај 1998 година гласел насловот на уводникот на Игнасио Рамоне, главен уредник на месечникот Le monde diplomatique. Оттогаш таа реченица се претворила во често употребуван борбен и мобилизациски слоган, пред сè во декларациите на ATTAC, мрежа на критичарите на глобализацијата...."*

*Stefan Nowotny*[1]

*Сета убавина мора да умре!*
*Сета убавина мора да умре!*
*Сета убавина мора да умре!*
*Поинаков свет е возможен!*

Славчо Димитров[2]

Од која позиција да се започне да се мисли еден поинаков свет? Од почетната, како најава, објава дека поинаков свет е возможен, антиципирана во насловот на Игнацио Рамоне или од завршната, како онаа на крајот на текстот за проектот на Велимир Жерновски Сета убавина мора да умре! на Славчо Димитров, како желба да се сочува „можноста за невозможноста" на еден поинаков свет? Од почетокот на крајот? Или од крајот на почетокот? И почетокот и крајот се отворени за можноста на еден поинаков свет: од почетокот и од крајот опцијата за еден поинаков свет е отворена и таа опција никогаш нема да може да се затвори. Ниту на Почетокот, ниту на Крајот.

Поинаков свет е возможен! Да? Можеби?

Но, светот и понатаму останува поинаков од оној што може да биде. Поинаков на поинаков начин, возможен на (о)возможен начин, светот е само место на кое се копнее, сонува дека поинаков свет е возможен: свет каде, како што вели Жан-Лик Нанси, би имало место за целиот свет, „но вистинско место, место кое навистина дозволува да постои едно место на кое може да се биде тука (во тој свет). Во спротивно, тоа не е 'свет': тоа е 'глобус' или 'гломус', 'место на прогонство' и 'долина на солзите'".[3]

Проектот на Велимир Жерновски Сета убавина мора да умре! е копнеж за еден поинаков свет, свет во кој би имало место за целиот свет. Иако осмислен како критика на светот во кој сме заробени, во кој не сме „тука", туку постојано „таму", построени или огласени, казнети или заплашени, повикани или отповикани, отфрлени или понижени... сепак критиката на овој (мал, не-целосен) свет својата суштинска димензија ја артикулира


Став
Репортажа од отворањето на новата Филхармонија


Став
Заев - кандидат за Нобелова награда за мир!


Европа
Нема дискусија со фашистите


Јавни ПросториКултура
Себастијан Цихочки: Ќе биде тешко да се најде решение за сите грди слоеви на СК014


Став
Екстерното оценување - под нож!


Став
Царици!


Став
Лажеш, Канческа Милевска


СтавКултура
Уа шверцери!

Сите статии

Пара ВЕСТИ
- Академик 10 години изолиран од светот, не знаел за режимот на Груевски
- Канческа-Милевска ги отвори „Вечерите на талибанска култура"
- Град Скопје: Ги отстранивме палмите зашто не родија банани

Пара ФОТО

Сите убави нешта кратко траат

Око
Рап битка: источни vs. зап...


СЕКОЈ ДЕН ПЕСНА
Жил Сиперվјел
**Будење**
Светот ме остава, и килим, и соба Сè си оди
24.05.2017






токму преку изликот на копнежот за еден поинаков свет. Изликот на нежноста изразен преку розовата боја, е излик на еден ненасилен свет: сите референци на машкоста како доминантен реален, имагинарен но и симболичен поредок, на еден неочекуван начин се трансформираат во една неверојатна сила на нежност. Нежноста како сила?!




"Are you sure you put your sex on properly this morning?" project: All Beauty Must Die! Velimir Zernovski 2013

Деликатноста на розовата боја можеби на најдобар начин ја изразува деликатноста на една невозможна, а толку посакувана состојба на погледот, на мислата.... во еден поинаков свет.

Да се користи розевата боја на начин на којшто ја користи Жерновски е провокација и критика што се одвива на повеќе вредносни и значенски нивоа: тој на деликатен начин ја истражува деликатноста на розовата боја во „деликатен" медиум (серија цртежи пренесени на билборди поставени во централното градско подрачје на Скопје) и во деликатен момент (Денот на независноста на Р. Македонија, 8-ми септември). Но, она што провоцира не е толку критичката конотација на проектот, ниту иронијата во читањето во традиционално, стандардните конотации на розовата боја[4], туку изликот на нежноста од розовите машки атлетски тела. Тоа се тела кои и колку да се напрегаат во својата машкост, во својата силна машкост, во својата машка сила која што воглавно знае и се стреми да биде насилна, единствено што овде успеваат да постигнат во сета своја напнатост е силата на нежноста. Нежноста како сила!? Невозможен копнеж.

Поинаков свет е возможен! Да? Можеби? Можеби во некој друг свет каде убавината и нејзиниот метафизички сон се само нежно сеќавање.

---

[1]Stefan Nowotny, World Wide World, Postoji li svijet antiglobalizma? http://republicart.net/disc/mundial/nowotny02_hr.htm

[2] Славчо Димитров, Сета убавина мора да умре, http://okno.mk/node/31374

[3] Jean-Luc Nancy, Stvaranje svijeta ili mondijalizacija, Zagreb: Jesenski i Turk, 2004, стр.32

[4]Розовата не припаѓа на главните бои. Дури во 18 век ја добила својата симболика кога престанала да биде разблажена црвена боја. Тогаш ѝ е придодадена симболиката на сентименталност и сладникавост. Иако денес розовата боја се врзува за девојчињата и жените, во времето на рококото ја носеле и мажите и жените, а на почетокот на 18 век станала и литургиска боја. Во 20 век за неа се врзуваат особини кои се сметаат за типично женски: кршливост, нежност, грижливост и површност." во: Maja Opašić – Nina Spicijarić, Prilog kontrastivnoj analizi frazema sa sastavnicom boje u hrvatskoj, talijanskoj i njemačkoj frazeologiji, FLUMINENSIA, god. 22 (2010) br. 1, str. 121-136

умeтници / рецензија / јавен простор / македонска уметност / Сета убавина мора да умре

Tweet G+1 0 Like 0

## Слични содржини


Култура / Уметност
Бодликавите хоризонти на футуризмот


Став / Култура
Како Струга...


Став / Култура
Какво откритие!


Култура
Џон Блеквуд: Македонија во моментов е изолирана во уметничкиот свет!






## Е-библиотека




**За човекот кој го изгуби убедувањето**

Јоб Мрмоља имаше многу убаво, со зелена кожа подврзано и на рабовите малку излижано, убедување.

Преземи

## Анкета

**Дали сакате да се отселите од земјава?:**

- Веднаш; тоа ми е главна животна цел
- Да; овде нема иднина
- Не; очекувам да биде подобро
- Не; овде ми е добро
- Не размислувам за тоа

Гласај

## Книга




**Are You Schizoid?**

Темплум започнува нова графичка едиција: **Лифт**. Во неа ќе се објавуваат цртани романи и други графички книги. Едицијата ја продолжува и осовременува традицијата на стрип списанието Лифт кое излегуваше од 1995 до 2001 година.

## Најчитано 7 / 11

1. Лажеш, Канческа Милевска















## Вести (time.mk)

- Напаѓачот од Манчестер имал јасни врски со "Ал Каеда", негови роднини ги предупредиле властите
- СОТИР КОСТОВ: СЈО отпочеток заседе страна и му чисти терен на Заев
- Македонски Телеком: Техничкиот проблем решен, услугите функционираат нормално
- Празник на големите македонски и сесловенски просветители
- Најмногу дожд во Штип, најмалку во Охрид
- Македонија во чест на свети Кирил во Рим